
ISSN 2545 – 4439
ISSN 1857 - 923X
INTERNATIONAL JOURNAL
Institute of Knowledge Management
KNOWLEDGE
ikm
Vol. 26. 1
Scientific Papers
SOCIAL SCIENCES
KIJ Vol. 26 No. 1 pp. 1 - 404 Skopje 2018

KNOWLEDGE

# INTERNATIONAL JOURNAL

# SCIENTIFIC PAPERS

# VOL. 26.1.

*September, 2018*

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**

**SKOPJE, MACEDONIA**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific papers Vol. 26.1.

**ADVISORY BOARD**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Siniša Zarić PhD, Maria Kavdanska PhD, Venelin Terziev PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Cezar Birzea PhD, Ljubomir Kekenovski PhD, Aleksandar Nikolovski PhD, Veselin Videv PhD, Ivo Zupanovic, PhD, Savo Ashtalkoski PhD, Svetlana Trajković PhD, Zivota Radosavljević PhD, Laste Spasovski PhD, Mersad Mujevic PhD, Nonka Mateva PhD, Rositsa Chobanova PhD, Predrag Trajković PhD, Dzulijana Tomovska PhD, Nedzat Koraljić PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Nikolina Ognenska PhD, Baki Koleci PhD, Lisen Bashkurti PhD, Trajce Dojcinovski PhD, Jana Merdzanova PhD, Zoran Srzentić PhD, Nikolai Sashkov Cankov PhD, Marija Kostic PhD

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**Editor in chief**
Robert Dimitrovski, PhD

**KNOWLEDGE - International Journal Scientific Papers Vol. 26.1.**

**ISSN 1857-923X (for e-version)**
**ISSN 2545 – 4439 (for printed version)**

# ANALYSES OF THE TRADE RELATIONS BETWEEN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND GREECE

**Emilija Miteva-Kacarski**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of Macedonia emilija.miteva@ugd.edu.mk
**Kostadinka Panova**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of Macedonia kostadinka.cabuleva@ugd.edu.mk
**Vlatko Paceskoski**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of Macedonia vlatko.paceskoski@ugd.edu.mk

**Abstract:** Greece is the third largest market for Macedonian products. Taking into account this fact, in this paper it has been made an analysis of the value, dynamics and structure of the foreign trade between the Republic of Macedonia and Greece for the time period of 2006-2015. It has been also analyzed the competitiveness of Macedonian products at the Greece market so that the product categories with a comparative advantage can be determined, using the Standard International Trade Classification and the Balassa Index. The results of the analysis point to the fact the Republic of Macedonia has a comparative advantage in the export of beverages and tobacco and crude materials, except fuels.
**Keywords:** The Republic of Macedonia, Greece, foreign trade, comparative advantage, Balassa Index.

# АНАЛИЗА НА ТРГОВСКИТЕ РЕЛАЦИИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ГРЦИЈА

**Емилија Митева-Кацарски**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република Македонија emilija.miteva@ugd.edu.mk
**Костадинка Панова**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република Македонија vlatko.paceskoski@ugd.edu.mk
**Влатко Пачешкоски**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република Македонија kostadinka.cabuleva@ugd.edu.mk

**Резиме:** Грција претставува трет најголем пазар за македонските производи. Имајќи го предвид тој факт, во овој труд е направена анализа на вредноста, динамиката и структурата на надворешнотрговската размена меѓу Република Македонија и Грција за временскиот период 2006-2015 година. Анализирана е и конкурентноста на македонските производи на грчкиот пазар заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност преку користење на Балаша индексот и Стандардната меѓународна трговска класификација. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека Република Македонија поседува компаративна предност во извозот на категориите пијалоци и тутун, суровини кои не се храна, освен гориво како и во категоријата разни готови производи.
**Клучни зборови**: Република Македонија, Грција, надворешнотрговска размена, компаративна предност, Балаша индекс.

## 1. ВОВЕД

Грција претставува трет најголем трговски партнер на Република Македонија според обемот на трговска размена. Република Македонија бележи континуиран дефицит во трговската размена со Грција, односно земјава повеќе увезува отколку што извезува на грчкиот пазар. Од историска перспектива, трговските односи меѓу Република Македонија и Грција биле развиени уште пред колапсот на Југославија, дури и постоеле клириншки спогодби за реализација на трговијата меѓу двете земји. Во минатото над 70 проценти од вкупниот товар со кој се манипулирало на пристаништето во Солун биле за Македонија. Имено, кога Грција ги извезувала своите производи во Хрватска, Србија или Словенија производите најпрвин морало да дојдат во Македонија. Трговската размена меѓу земјите била интензивна се до 1994 година, кога Грција воведе ембарго кон Македонија, што ја доведе трговијата меѓу двете земји до апсолутна нула. Сепак,

бизнисот е тој кој ја одржува билатералната соработка меѓу двете земји, дури и кога политичките процеси затајуваат.

## 2. ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ГРЦИЈА

Согласно расположливите податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија, Грција се вбројува во групата на петте најзначајни увозни партнери на Република Македонија, за временскиот период 2012-2015 година, како што е прикажано на графиконот 1:

Графикон 1. Пет најзначајни увозни партнери на Република Македонија во периодот 2012-2015




Извор: State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23

Надворешно трговската размена меѓу Репбулика Македонија и Грција е презентирана во табела 1:

**Табела 1. Трговската размена меѓу Република Македонија и Грција (во илјади долари)**

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|
| Извоз | 361267 | 424655 | 536365 | 291649 | 246198 |
| Увоз | 306364 | 416244 | 511704 | 441856 | 448934 |
| Вкупно | 667631 | 840899 | 1048069 | 733505 | 695132 |
| Суфицит/Дефицит | 54903 | 8411 | 24661 | -150207 | -202736 |
| Покриеност на увозот со извоз | 117.92 | 50.50 | 104.81 | 66.00 | 54.84 |
| | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** |
| Извоз | 218014 | 188486 | 213675 | 227729 | 166449 |
| Увоз | 569750 | 804343 | 698524 | 667961 | 499669 |
| Вкупно | 787764 | 992829 | 912199 | 895690 | 666118 |
| Суфицит/Дефицит | -351736 | -615857 | -484849 | -440232 | -333220 |
| Покриеност на увозот со извоз | 38.26 | 23.43 | 30.58 | 34.09 | 33.31 |

Извор: State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23

Анализирајќи ги презентираните параметри во табела 1, се доаѓа до констатацијата дека најголем обем на трговска размена меѓу двете земји е реализиран во 2008 година. Меѓусебната трговска размена во 2008 година изнесува 1048 милиони американски долари. Анализата на надворешно трговската размена меѓу двете земји, укажува на трговски дефицит на македонска страна во анализираниот временски период, со

исклучок на периодот 2006-2008 година кога е реализиран трговски суфицит. Согласно Стандардната меѓународна трговска класификација –ревизија 4, извозот од Република Македонија во Грција во апсолутни износи, е прикажан во табела 2:

**Табела 2. Извоз од Република Македонија во Грција (во илјади долари)**

| **Производи** | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 33830 | 27072 | 27574 | 25159 | 25108 |
| Пијалаци и тутун | 47925 | 48664 | 46013 | 36272 | 24859 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 28361 | 39478 | 53252 | 27298 | 32808 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 14985 | 641 | 1715 | 1181 | 3567 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 36 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Хемиски и сродни производи | 1679 | 2832 | 4300 | 3055 | 3260 |
| Производи класирани според материјалот | 118803 | 169902 | 249899 | 73017 | 66122 |
| Машини и транспортни уреди | 11240 | 14349 | 16795 | 14572 | 10220 |
| Разни готови производи | 104375 | 121685 | 136759 | 111073 | 80212 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 33 | 32 | 58 | 22 | 42 |
| Вкупно | 361267 | 424655 | 536365 | 291649 | 246198 |
| **Производи** | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| Храна и живи животни | 24166 | 19488 | 16861 | 15011 | 10378 |
| Пијалаци и тутун | 21824 | 21202 | 28547 | 46290 | 27994 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 38231 | 26194 | 26281 | 26118 | 20340 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 2252 | 6006 | 1671 | 12083 | 4921 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 158 | 0 | 0 | 34 | 341 |
| Хемиски и сродни производи | 3635 | 2792 | 3986 | 4265 | 3398 |
| Производи класирани според материјалот | 53306 | 52293 | 68949 | 60684 | 47862 |
| Машини и транспортни уреди | 6881 | 4981 | 4853 | 5137 | 4667 |
| Разни готови производи | 67535 | 55521 | 62515 | 58096 | 46538 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 26 | 9 | 11 | 11 | 8 |
| Вкупно | 218014 | 188486 | 213675 | 227729 | 166449 |

Извор: State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23

Како што може да се види од табелата, доминантно учество во структурата на извозот од Република Македонија во Грција имаат категориите: пијалоци и тутун (што се должи на зголемениот извоз на тутун, неизжилен), производи класирани според материјалот (што се должи на зголемениот извоз на производи од железо и челик), како и разни готови производи (што се должи на зголемениот извоз на женски блузи и кошули). Увозот, пак во Република Македонија од Грција за периодот 2006-2015 година, расчленет по категории на производи во апсолутни износи, е прикажан во табела 3:

**Табела 3. Увоз во Република Македонија од Грција (во илјади долари)**

| **Производи** | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 25985 | 38300 | 42082 | 36332 | 33901 |
| Пијалаци и тутун | 2603 | 2920 | 4413 | 3321 | 2416 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 11263 | 9976 | 8699 | 11023 | 5164 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 40150 | 37747 | 58073 | 110708 | 171645 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 3399 | 3177 | 2222 | 1463 | 1906 |
| Хемиски и сродни производи | 33247 | 55163 | 62960 | 1463 | 41059 |
| Производи класирани според материјалот | 117247 | 184954 | 248593 | 161017 | 140685 |
| Машини и транспортни уреди | 28294 | 33114 | 31708 | 24042 | 22153 |
| Разни готови производи | 43987 | 50818 | 52887 | 38107 | 29611 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 189 | 75 | 67 | 192 | 394 |
| Вкупно | 306364 | 416244 | 511704 | 441856 | 246198 |
| **Производи** | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| Храна и живи животни | 36051 | 35176 | 39279 | 36012 | 31227 |
| Пијалаци и тутун | 1046 | 1491 | 2116 | 1005 | 866 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 5676 | 4724 | 5236 | 4590 | 4179 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 274229 | 552217 | 438098 | 412308 | 307162 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 2188 | 1560 | 1203 | 1366 | 1076 |
| Хемиски и сродни производи | 42956 | 38557 | 36992 | 37215 | 27020 |
| Производи класирани според материјалот | 161727 | 141325 | 147071 | 146012 | 104640 |
| Машини и транспортни уреди | 22030 | 13225 | 13818 | 14687 | 10660 |
| Разни готови производи | 23190 | 15757 | 14643 | 14076 | 12221 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 655 | 310 | 68 | 690 | 617 |
| Вкупно | 569750 | 804343 | 698524 | 667961 | 499669 |

Извор: State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23

Согласно податоците од Државниот завод за статистика презентирани во оваа табела, Република Македонија од Грција најмногу увезува нафта и нафтени масла добиени од битуменозни минерали (класифицирани во категоријата минерални горива, мазива и сродни производи) како и шипки и прачки од железо и нелегиран челик (класифицирани во категоријата производи класирани според материјалот).

## 3. КОМПАРАТИВНА ПРЕДНОСТ ВО ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И БУГАРИЈА

Заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност во трговијата меѓу Република Македонија и Грција, примената е формулата на Balassa (1965)[189], при што Балаша индексот е пресметан како однос меѓу учеството на одреден производ во извозот на земјата во друга земја, со учеството на тој производ во вкупниот извоз на земјата, со користење на Стандардната меѓународна трговска класификација т.е.:

$$BI = \frac{x_{ij}^{k} / X_{ij}}{x^{k} / X_{j}}$$

---

189 Balassa. B, *Trade liberalization and revealed comparative advantag*e. The Manchester School of Economic and Social Studies, (1965).

каде:

$x_{ij}^{k}$ - извоз од земјата $i$ во земјата $j$ на производот $k$

$X_{ij}$ - вкупен извоз од земјата $i$ во земјата $j$

$x^{k}$ - вкупен извоз на производот $k$

$X_{i}$ - вкупен извоз од земјата $i$.

Резултатите од пресметката со примена на Балаша индексот се прикажани во табела 4:

**Табела 4. Компаративна предност во трговската размена меѓу Република Македонија и Грција**

| **Производи** | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | **1.17** | 0.87 | 0.66 | 0.82 | **1.04** |
| Пијалаци и тутун | **1.65** | **1.86** | **1.56** | **1.71** | **1.67** |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | **1.67** | **1.85** | **1.46** | **1.46** | **1.72** |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 0.45 | 0.03 | 0.04 | 0.05 | 0.19 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 0.11 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Хемиски и сродни производи | 0.11 | 0.17 | 0.18 | 0.16 | 0.12 |
| Производи класирани според материјалот | 0.93 | 0.90 | 1.16 | 0.88 | 0.91 |
| Машини и транспортни уреди | 0.63 | 0.76 | 0.67 | 0.88 | 0.70 |
| Разни готови производи | **1.14** | **1.22** | **1.14** | **1.38** | **1.52** |
| **Производи** | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| Храна и живи животни | **1.33** | **1.22** | 0.93 | 0.84 | 0.83 |
| Пијалаци и тутун | **1.99** | **1.90** | **2.13** | **4.52** | **4.74** |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | **2.72** | **2.11** | **1.90** | **2.12** | **2.56** |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 0.12 | 0.49 | 0.32 | 3.02 | 2.18 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 0.18 | 0 | 0 | 0.06 | 0.46 |
| Хемиски и сродни производи | 0.10 | 0.09 | 0.10 | 0.09 | 0.09 |
| Производи класирани според материјалот | 0.89 | **1.07** | **1.35** | **1.37** | **1.62** |
| Машини и транспортни уреди | 0.40 | 0.27 | 0.17 | 0.11 | 0.11 |
| Разни готови производи | **1.66** | **1.52** | **1.52** | **1.38** | **1.61** |

Извор: Пресметка на авторите.

Во периодот од 2006 до 2015 година, Република Македонија има континуирана компаративна предност во размената со Грција во категоријата пијалаци и тутун, што се должи на зголемениот извоз на тутун, неизжилен во Грција. Во анализираниот временски период, континуирана компаративна предност е регистрирана и кај категоријата суровини кои не се храна, освен гориво што се должи на извозот на метална руда и отпадоци од метал, семе од маслодајна репка како и други производи од крзно. Од периодот 2012-2015 година, компаративна предност е регистрирана и кај категоријата производи класирани според материјалот, која компаративна предност е потврдена преку зголемениот извоз на плоснато валани производи од железо и нелегиран челик. Компаративната предност во анализираниот временски период во континуитет е присутна и кај категоријата разни готови производи, што се потврдува преку зголемениот извоз на женски блузи и кошули од Република Македонија во Грција.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Надворешно-трговската размена на Република Македонија со Грција е значајна од аспект на вкупната надворешно-трговска размена, посебно имајќи предвид дека Грција континуирано се наоѓа меѓу петте

најзначајни наши надворешно-трговски партнери. Емпириските анализи укажуваат на трговски дефицит на македонска страна во трговската размена со Грција. Во анализираниот временски период (2006-2015), Република Македонија има изразена компаративна предност во трговската размена со Грција во неколку категории и тоа: пијалаци и тутун, суровини кои не се храна, освен гориво и разни готови производи. Пресметаната компаративна предност се потврдува преку зголемениот извоз на тутун, неизжилен , плосната валани производи од железо и нелегиран челик, женски блузи и кошули, метална руда и отпадоци од метал, семе од маслодајна репка како и други производи од крзно. Во насока на зголемување на трговската размена меѓу двете земји неопходно е да се интензивираат деловните односи, да се обезбеди заеднички настап на трети пазари како и заедничко реализирање на проекти од ЕУ фондовите.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] B. Bella, Trade liberalization and revealed comparative advantage, The Manchester School of Economic and Social Studies, vol.33, pp. 99-123, 1965.
[2] B. Harry, On the theoretical interpretation of indices of trade intensity and revealed comparative advantage, Review of World Economics, vol.119, pp. 464-472, 1983.
[3] R. H Ballance,., H. Forstner, & T. Murray, Consistency tests of alternative measures of comparative advantage. Review of Economics & Statistics, vol.69**,** pp.157-161, 1987.
[4] State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23